

**ДЕЛ ОД ПОСЕТИТЕ НА ГРАДОВИ ВО СВЕТОТ ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „*СВЕТОТ НА ДЛАНКА“***
**НА СЛАВЕ КАТИН**

Беше убав пролетен ден, исполнет со зе-ле-ни-ло и цветови. Сон-цето чии бои се прелеваа во далечините на ис-ток, од каде започнуваше новиот ден, беше како ог-ром-на топка што едвај се движи во прос-то-рот. Глетката беше прекрасна, а автомобилот бр-за-ше од населбата “Ченто” кон аеродромот “Петро-вец”, од каде заминав за Копенхаген, во Данска.

Патувањето кое траеше повеќе од два часа со авионот на МАТ (Македонски авиотранспорт), бе-ше пријатно и просто не почувствував кога ста-сав- на аеродромот во Копенхаген.

Во главниот град на оваа балтичка земја  беше пладне. Во аеродромската зграда што се нао-ѓа во непосредна близина на морето, вриеше како во кошница, како што доликува на еден голем ае-ро-дром што претставува една од европските крстосници.

Да се биде во Копенхаген, кој е главен административен, политички, културен и економски центар на Данска, чија популација ја до-стиг-нува бројката од два милиони, значи да се по-чув-ствува пулсот, напредокот, престижот и ид-ни-на-та на оваа европска држава.

Копенхаген е престолнина на Данска и морско пристаниште на источниот брег на островот Селанда (Шелана) на мореузот Сунду. Во ова живо трговско место, развиена е бродоградбата и сите други индустрии. Тој е формиран како населба во 1443 година, а универзитетски град е од 1479 година. Има бројни споменици на културата кои се дел од богатата културна ризница која датира од времето на Викинзите. С# до денес е центар со богат кул-турен живот, универзитетски меѓународен цен-тар, престолнина на музиката и убавата умет-ност, поз-нат по школата на наивците, по- ани-м-и-раните фил--мови, из-лож--би, кон-цер-ти, саеми и други манифестации.

Го на--пуштив овој град и со брод, што превезува пат-ниците од Дан-ска во Шведска и се упатив кон Малме. Бро-дот небаре леташе на површината од морската шир. Се движеше кон исток паралелно со мостот Оресунд кој ги поврзува овие две земји. Имено, мос-тот кој ги поврзува градовите Копенхаген и Малме оди и како тунел, под водата и на две места излегува ка-ко “забревтан кит” кој ги сече морските бранови. Впечатлива глетка од северните води.

Во Малме во Шведска стасав за четирие-се-тина минути, а оттаму заминав на север во Еслев. Повод за моето патување беше фестивалот на фол-кло-рот во Лунд, во организација на Ма-ке-дон-ски-от со-јуз од Шведска, а домаќин беше Македонското кул-тур-но и спортско друштво “Пелагонија” од Еслев.

Оваа значајна манифестација на Маке-дон-ци-те од Шведска се одржува во различни градови ши-рум државата каде се формирани фолклорни групи и ансамбли  кои го негуваат македонското оро и песна, обичаите, тра-дициите и с# она што е поврзано со Македонија. На овој празник на фолклорот во Еслев учествуваа пет културно-уметнички друштва, односно седум иг-раор-ни групи, кои како колоритен букет ја одиграа својата улога на вистински ам-ба-са-до-ри на македонскиот фолклор. Во исто време тие беа иницијатори на младинската и семакедонската за-бава што траеше цели 12 часа, а на која се собраа бли-зу илјада дечиња, младинци, студенти, родители, гос-ти и пријатели, вљубеници во фолклорот, по-чи-ту-вачи на македонската песна и оро, гости и пријатели.

Еслев се наоѓа на четириесетина километри се-верно од Малме. Малку необично за Шведска за тој период во годината, меѓутоа како времето це-лос-но да се изменило и, во мајскиот период без дождови и ветришта, чиниш се нао-ѓаш некаде на југот од Европа. Сонцето чии бои се прелеваа во далечините на Запад, кога завр-шу-ва-ше денот, полека заминуваше зад хоризонтот.

Глетката беше прекрасна. Насекаде зе-ленило. Голем број парцели како килими со жолта боја од цвеќиња на маслиновата репка, стро-го геометриски одредени форми и негде-годе од-ре-ден број ветерници кои се губеа во не-пре-глед-ните прос-тори на јужниот дел на Шведска. Градот кој бе-ше домаќин на 20-от Фолклорен фестивал е ин-д-ус-трис-ки центар. Во него има фаб-рика за пре-хран-бени производи во која  се нај-голем број Ма-кедонци, како и фабрика за “Фер-гусони”, за хар--тија, за стакло, за филтри.

Во Еслев живеат и ра--бо-тат околу шестотини Македонци, кои, главно, по--тек-нуваат од битолскиот крај, а само мал број се-мејс-тва се од други места во Македонија. Тие дошле во се-думдесеттите години како “привремено вра-бо-те-ни”, а сега како “постојани жители” свиле семејно гнездо во овој убав град. Во демократска Шведска ги ужи-ваат сите социјални, политички, човекови права и сло--боди, а возвраќаат со тоа што претставуваат при--мер на трудољубие, работливост, честитост, ло-јал--ност... Во гратчето Еслев цветаа јоргованите кога се одржуваше Македонскиот фолклорен феестивал.

Малме, едно од најужните места на Швед-ска, го посетив во делник. Градот се споменува уште од 1275 година. Бла-го-дарение на својата местоположба, овој убав и пре-кра--сен приморски центар во средниот век пре-рас-нал во големо и богато трговско место, за потоа да се раз-вие во индустриски, а денес и во културен и ту-рис-тич--ки град. Често Малме го нарекуваат градот на пар-ко-вите, бидејќи во него има голем број

познати и со мно-гу нешта карактеристични паркови, како што е пар-кот Кунгспаркен, во кој се наоѓа познатиот дво-рец што им припаѓал на тогашните управувачи на покраината Сконе, изграден во 1500-та година. Стариот дел на градот е опкружен со ка-нали и изобилува со градби што потекнуваат од сред--ниот век.



*Св. Наум Охридскиво Малме*

Исто така, овој дел врие од рес-то-рани, кина, дискотеки, бутици и други објекти. Денес Малме претставува влезно-излезна порта на Шведска која се отвора кон Европа и кон

светот. Во скоро време се очекува да биде пуштен во сообраќај мостот Оресунд кој го по-врзува Малме со Копен-ха-ген, односно Шведска со Данска. На пуштањето на овој значаен објект пре-ку кој ќе поминуваат милиони автомобили, камиони, ве-лосипеди и мо-то-цикли и преку кој ќе биде развиен же-лезничкиот соо-браќај во Третиот милениум.

Во Малме ги посетив про-сто-риите на Македонското спортско друштво (КСД) “Ма-ке-донија” што се наоѓаат во центарот на градот и кои претставуваат место на дру-гарување, на забава,  при-јателствување и национално дру-же--ње на Ма-кедонците од Малме и по-ши-роко. А Македонци на овие простори има околу 1600. Инаку КСД “Ма-ке-до-нија” е формирано на 20 ное-мври 1969 година од група ентузијасти и вљу-бе-ници во фуд-балот и фолклорот. Таму, се срет-нав и со прет-став-ни-ци на Македонско православна црковна општина “Св. Наум Охридски”, значаен духовен и национален храм, формиран во 1973 година кој претставува  важен центар за Македонците од Малме. Исто така и средбата со преставниците на Македонското друштво  “Македонија '92” ќе ми остане во сеќа-ва-ње од конструктивниот разговор за голем број прашања.

Го напуштив Малме напладне кога сонцето беше далеку на југ, а на пристаништето каде беше по-с-тавен бродот имаше голем  број патници за Ко-пен-хаген. Велат дека Швеѓаните повеќе го сакаат да-н-ското пиво, кое, патем, е и поефтино, затоа  тие често “се прошетуваат” кон запад, кон Данска.

Бродот како да лебдеше над морската по-вр-шина, овој пат, во спротивна насока од Малме кон Копенхаген. Повторно го гледав мос-тот Оресунд што ги поврзува овие два града и две балтички земји. Повторно се одушевував на постигнатиот тех-ничко-технолошки напредок и на  прекрасната глет-ка што ја имав од прозорецот на белата лаѓа. Посакував так-ви и слични мостови да се градат насекаде, па и на нашите простори, за да можат да ги поврзуваат и приб-лижуваат луѓето и земјите во ова наше глобално “село”.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**